# АМБЛЕМ/ГРБ НА АГЕНЦИЈА ЗА РАЗУЗНАВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## ШЕМАТСКИ ПРИКАЗ И СИМБОЛИКА

**Грбот/амблемот на Агенцијата за разузнавање на Република Македонија преставува, осмокрако дивергентно сонце, обратно обоено и на аплицирано на кружен штит поделен на осум златно-жолти и осум темноцрвени зраци кои завршуваат со обратно обоен раб на штитот. Под штитот е аплициран венец од две гранчиња со желади од македонски даб (Quercus Macedonica) се преплетени со две темноцрвени ленти споени златен клуч. Над штитот во кружна форма е ставен тест “Агенција за разузнавање“.**




**НАЗИВ НА ИНСТИТУЦИЈАТА (ГРБОНОСЕЦ)**

**КРУЖЕН ШТИТ СО ОБРАТНО ОБОЕН ОБРАЧ** - кружниот штит е во вид на зраци од кои осум се во темно-црвена и осум во златно-жота боја, а работ е декоративен елемент и го следи стилот и обратната колоритна поставеност на употребените бои.

**ДИВЕРГЕНТНО СОНЦЕ СО ОСУМ ЗРАЦИ** - симболот е инспириран од државното знаме на Република Македонија и преставува визуелна врска со „ново сонце на слободата“, како што е и испеано во македонската национална химна “Денес над Македонија”

**ЗЛАТЕН КЛУЧ** - во форма на стилизирана претстава каде се преставени два желада од македонски даб (Quercus Macedonica), додека во горниот дел на клучот се обединуваат двете темноцрвени декоративни ленти низ кои се преплетени гранчињата од македонскиот даб. Клучот како симбол на безбедност и заштита ги симболизира важноста, улогата и значењето на Агенцијата при функционирањето на безбедносниот систем. Овој елемент од грбот/амблемот на Агенцијата за разузнавање може да се користи како официјален сувенир што ќе се употребува при размена на подароци во официјални протоколарни средби како и во други пригоди предвидени со посебен правилник.

**ТЕМНОЦРВЕНА ДЕКОРАТИВНА ЛЕНТА**

**МАКЕДОНСКИ ДАБ (Quercus Macedonica)**

Дабот отсекогаш бил симбол со кој се идентификувале Македонците и истиот е аплициран и на грбот на претседателот на Република Македонија. Древните македонски владетели се закитувале со венци направени од златни дабови ливчиња, наспроти грчките кои користеле маслинови, палмови или ловорови гранчиња. Основното симболично значење на дабот во хералдиката е отпорност и цврстина, а употребен во корпоративниот грб на државните институции, ја симболизира стабилноста и државотворноста.

### СИМБОЛИКА НА БОИТЕ

Златно-жолтата боја е израз на отменоста, високо разбирање и возвишена свест, како и симбол на зраците од македонското сонце.Темно црвената боја (sanguine) во хералдиката како симбол на победата и ја симболизира вечната борба на граѓаните за независна, самостојна и суверена Република Македонија.

**ТЕМНОЦРВЕНА**
(Sanguine)
**RED (R++)**

C25 M100 Y100 K31
R153 G0 B0
Patone 1805 C
HEX#990000

**ЗЛАТНО- ЖОЛТА**
(Or)
**GOLD (Au)**

C0 M20 Y95 K0
R255 G204B51
Patone 123 C
HEX#FFCC33

© 2015 design@velickovski.com